РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-10297/1
27-12- 2022 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ, бр. 10/20) и член 29 од Статутот на општина Струмица (Службен гласник на општина Струмица бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За формирање иницијативен одбор за конституирање на
Локално собрание на млади на
Општина Струмица

## 1. Опис на јавниот повик

Општина Струмица распишува јавен повик за членови на иницијативен одбор на општина Струмица, кои ќе бидат дел од иницијативата за основање Локален младински совет во општина Струмица.

Бројот на членови на Иницијативниот одбор е најмногу 5(пет).

Улогата на Иницијативниот одбор е да ја спроведе постапката за конституирање на Локално собрание на млади, со што неговата функција престанува.

Задачи на Иницијативниот одбор се

- Поддршка на општината во креирање или ревидирање на актите и одлуките кои го уредуваат формирањето и работата на ЛМС
- Распишување повик за Конститутивно локално собрание на млади
- Соработка со општината при организирање и одржување на Конститутивното локално собрание за млади.

## 2. Право на учество

На јавниот повик имаат право да учествуваат сите младински организации, политички подмладоци, ученичките и студентските организации и други облици на младинско здружување кои реализират активности на подрачјето на општина Струмица, да номинираат свој претставник во Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади на општина Струмица.

## 3. Критериуми за пријавување

Критериуми кои треба да ги исполуваат младите лица кои сакаат да се вклучат во иницијативниот одбор се:

- Да бидат жители на општина Струмица

- Да бидат на возраст од 15-29 години
- Да бидат креативни и способни за индивидуална тимска работа

Критериуми за организациите кои сакаат да номинираат свој претставник како член во иницијативниот одбор се:

- Да се младински здруженија, организации за млади, сојузи, унии, средношколски или студентски заедници, подмладоци на политички партии, спортски друштва, културно-уметники друштва и друга форма на здружување на млади, формални и неформални здруженија на млади
- Да се регистрирани или да делуваат на подрачјето на општина Струмица,
- Да номинираат свој претставник/чка (возраст меѓу 15-29 години) во иницијативнит одбор и да имаат можност континуирано и активно учество во активностите на проектот преку својот претствник
- Да имаат интерес за унапредување на локални младински политики
- Да имаат интерес за развој на младинско здружување на локално ниво

## 4. Начин на пријавување на јавниот повик

### 4.1. Потребна документација:

- Портфолио на организацијата/групата/здружението
- Извештај за активности со млади во изминатата година
- Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и општи и контакт информации за членот

Дополнителни (опционални) документи:

- Годишна програма за работа
- Кратко мотивационо писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија

Рок и начин на доставување на пријавите

Јавниот повик се објавува на 27.12.2022 година и трае до 10.01.2023 година. Пријавите со целокупната документација се доставуваат по пошта, на адреса: Општина Струмица, ул. “Сандо Масев“ бр 1, 2400 Струмица или во архивата на општина Струмица (со назнака “За формирање иницијативен одбор за конституирање на ЛСМ”).

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 10.01.2023 година до 15 часот.

Пријавите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на субјектот што ја поднесува пријавата.

Подносителите на пријавите ќе бидат известени за резултатите во рок од 5 дена од изборот.

**Напомена: Пријавите без комплетна приложена документација или доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.**

Градоначалник
на општина Струмица
Костадин Костадинов